**20121573788**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБА НА ЛЕТАЧИ И ДРУГ ЛЕТАЧКИ ПЕРСОНАЛ И ВОЗДУХОПЛОВНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВО ЗАВИСНОСТ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ ВРШАТ ДОЛЖНОСТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на додатокот на плата за вршење на служба на летачи и друг летачки персонал и воздухопловно технички персонал во Армијата на Република Македонија, во зависност од условите под кои се вршат должностите.

Висината на додатокот на плата за вршење на служба на летачи и друг летачки персонал и воздухопловно технички персонал во Армијата на Република Македонија, во зависност од условите под кои се вршат должностите, изнесува:

1.Летачи-пилоти:

1.1. Пилот на борбени надзвучни и низзвучни авиони со брзина поголема од 0,72 маха и пилот на борбени и извидувачки хеликоптери:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност 960 бодови,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност 870 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност 740 бодови.

1.2. Пилот на борбени авиони со брзина помала од 0,72 маха, тешки и средни транспортни хеликоптери и средни транспортни авиони:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност 910 бодови,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност 820 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност 690 бодови.

1.3. Пилот на лесни школски авиони и хеликоптери, лесни авиони за општа намена и лесни транспортни авиони:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност 870 бодови,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност 740 бодови.
- III категорија на стручна и борбена оспособеност 640 бодови.

1.4. Слушател-пилот 295 бодови.

2. Друг летачки персонал:

2.1. Оператор навигатор:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност 440 бодови,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност 395 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност 350 бодови.

2.2. Техничар -оператор- навигатор:

- I категорија на стручна и борбена оспособеност 420 бодови,
- II категорија на стручна и борбена оспособеност 380 бодови,
- III категорија на стручна и борбена оспособеност 335 бодови.

2.3. Специјалист летач............................ 190 бодови.

2.4. Слушател летач (освен пилот).......... 140 бодови.

3. Воздухопловно–технички персонал:
3.1. Воен воздухопловен инженер:
а) за контрола на квалитетот.................... 310 бодови,
б) за техничка подготовка:
- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен 270 бодови,
- на транспортна авијација....................... 270 бодови,
- на школски-тренажна авијација........... 250 бодови,
- на опслужување на летањето................. 250 бодови.
3.2. Воен воздухопловен техничар:
а) Инструктор за практична настава:
- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен 250 бодови,
- на транспортна авијација....................... 250 бодови,
- на школски-тренажна авијација........... 230 бодови,
- на опслужување на летањето................. 220 бодови.
б) Технички контролор:
- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен 230 бодови,
- на транспортна авијација ....................... 230 бодови,
- на школски-тренажна авијација............. 210 бодои,
- на опслужување на летањето................. 200 бодови.
в) Механичар:
- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен 210 бодови,
- на транспортна авијација........................ 210 бодови,
- на школски-тренажна авијација........... 200 бодови,
- на опслужување на летањето................. 180 бодови.
г) Помошник механичар:
- на борбена авијација и во ВТч за одржување во 2 и 3 степен 100 бодови.
- на транспортна авијација......................... 95 бодови,
- на школски-тренажна авијација............. 85 бодови,
- на опслужување на летањето................... 80 бодови.

Член 2

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на висината на додатокот на плата за вршење на служба на летачи и друг летачки персонал и воздухопловно технички персонал во Армијата на Република Македонија, во зависност на условите под кои се вршат должностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/11).

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-6403/1
6 декември 2012 година
Скопје

Министер за одбрана,
д-р **Фатмир Бесими**, с.р.